Михајло МИНОСКИ

# НЕКОЛКУ АВСТРИСКИ ДОКУМЕНТИ ЗА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ И ЗА РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА (1900-1902) ГОДИНА

Македонската историографија постигна видни резултати во откривањето и публикувањето на документацијата и други материјали од и за Гоце Делчев. Во 1951 година проф. Љубен Лапе објави писма на Гоце Делчев,[1] а во 1963 Нови писма на Гоце Делчев.[2] Во 1971 година д-р Манол Пандевски објави Ново писмо и телеграма од Гоце Делчев.[3] Следната 1972 година д-р Орде Иваноски објави едно директивно писмо на Гоце Делчев од 1901 година.[4] Истата година излезе од печат и капиталниот труд на проф. д-р Христо Андонов-Полјански посветен на Гоце Делчев (во шест тома, во II том се содржи неговата преписка).[5]

Во текот на научно-истражувачката работа по прашањето за Политиката на Австро-Унгарија спрема Македонија од Берлинскиот конгрес до Илинденското востание, во бројната документација од Виенскиот државен архив откривме неколку австриски дипломатски документи за Гоце Делчев и Револуционерната организација од 1900 до 1902 година.

Овие документи, според нашето мислење, ќе претставуваат прилог кон веќе публикуваната документација за личнос-

---

1. Љубен Лапе, Писма на Гоце Делчев. — Скопје, 1951.

2. Љубе Лапе, Нови писма на Гоце Делчев. — Гласник на Институтот за национална историја, — Скопје, 1963/VII, бр. 1.

3. Д-р Манол Пандевски, Ново писмо и телеграма од Гоце Делчев (кон 99-годишнината од раѓањето на големиот македонски револуционер). — Современост. — Скопје, 1971/XXI, 1, 75-76.

4. Д-р Орде Иваноски, Едно директно писмо на Гоце Делчев од 1901 година. — Гласник на Институтот за национална историја. — Скопје, 1972/XVI, 2, 159-164.

5. Д-р Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев (I-VI). — Скопје, 1972. Том II. Преписка.

та и делото на великанот на македонското национално-ослободително и револуционерно движење — Гоце Делчев.

Се работи за три извештаи на австро-унгарскиот конзул од Скопје Богумил Пара до министерот за надворешните работи, грофот Агенор фон Голуховски, во Виена.

Во првиот документ-извештај на конзулатот од Скопје, од 11 септември 1900 година, во кој Пара ја потврдува веста соопштена во извештајот од 25 август истата година за откривање на скривалиште на Револуционерната организација и при тоа врши корекција на податокот за местото на настанот. Имено дека тоа не се случило во Царево Село, како што претходно јавил, туку во селото Робово. Истражната комисија испратена од Скопје открила повеќе шифрирани преписки и друг компромитувачки материјал на Организацијата. Во продолжение на извештајот конзулот Пара го известува министерот Голуховски дека македонското движење е под директно раководство на Георги Делчев. На крајот од својот извештај Пара соопштува дека тие денови успеал да дојде до преписи на основните акти на Организацијата: Уставот и Правилникот. Дека се работи за првите акти што Револуционерната организација ги усвоила се потврдува од податокот на конзулот Пара, дека набавил преписи на „14 члена од постојниот Статут (Устав) и 50 членови од обемниот Правилник". Кон тоа уште додава дека по извршениот превод и со фотокопирана копија на исплатениот чек на лицата што му ги доставиле преписите, истите ќе ги доставел на министерот Голуховски. Последниот податок недвосмислено потврдува дека австроунгарскиот конзул одржал директна врска со некои членови на Револуционерната организација кои за пари му доставувале извесни податоци за дејноста на Организацијата и, како што се гледа од овој извештај, доставиле преписи и на основните акти: Уставот и Правилникот.

Во вториот документ-извештај на конзулот Пара од 4 јуни 1901 година во кој го запознава министерот за надворешни работи Голуховски со одделностите од судската пресуда од 3 јуни истата година во врска со штипската, поточно „Новоселската афера".[6]

---

[6]. За аферата повеќе види: Македония и Одринско (1893-1903) Мемоарь на Вътрешната организация. 1904, 69; Хр. Силянов, Освободителните борби на Македония. Т. I. — София, 1933, 109; А. Диневъ, Илинденската епопея. Т. I. — София, 1945, 105-106; Боян Мирчев, Спомени на някои активни деици в македонското революционно движение. — Известия на Българската Академия на науките. — София, 1956/6, 507- 12; Христо Андонов-Полјански, Некои подробности околу „Новоселската афера" и скопскиот процес од 1901 година. — Историја, Скопје, 1969/V, 1, 79-83; Гоце Делчев и неговото време. — Скопје, 1978, 167.

За аферата и судскиот процес во врска со истата, нема публикувани целосни автентични материјали. Поконкретни податоци, збирно дадени, се содржат во „Мемоарот“ на Револуционерната организација од 1904 година.[7] Нови податоци соопшти во 1969 година проф. Христо Андонов-Полјански врз основа на еден извештај на вицеконзулот на Велика Британија во Скопје, Р. Фонтана, од 3 јуни 1901 година.[8]

Австро-унгарскиот дипломатски претставник во Скопје, конзулот Богумил Пара, во својот извештај од 4 јуни 1901 година, до министерот за надворешните работи, грофот Агенор фон Голуховски, во Виена, ги соопштувал податоците од судската пресуда донесена на судскиот процес што се одржал во градот, во Скопје. За одбележување е дека во податоците изнесени во двата извештаи, иако се истите идентични, постојат извесни разлики. Споредувањето на истите дава можност за попрецизно утврдување на фактите и податоците за лицата замешани во аферата или против кои била покрената истрага а потоа и судски процес. Забележителна разлика постои и во бројот на лицата кои биле обвинети и на кои им се судело. Австро-унгарскиот конзул ги наведува имињата на 21 лице, а британскиот вице-конзул дава податок за 26 лица.[9] Во врска со тоа ќе предочиме дека и во „Мемоарот“, фигурира бројка од 21 лице.[10] Меѓутоа, во „Мемоарот“ нема податоци за имињата на лицата туку само нивниот вкупен број.[11] Разлики постојат и во податоците како за осудените лица на смрт, во отсуство, така и за осудените лица на временски казни. Во врска со тоа уште ќе додадеме дека името на Делчев и во двата извештаи е одбележано како прво.

Конзулот Богумил Пара во својот извештај од 4 јуни 1901 година известувал дека на 3 јуни била донесена пресуда со која биле изречени следните казни: осудени на смрт, во отсуство, меѓу кои како прво именуван е Георги Делчев, четири лица, две лица на по 13 години, четири на по 12 години, четири на по 6 години, две на по 4 години, а две на по 3 години. За едно од обвинетите лица е речено дека умрело во затвор, пред донесувањето на пресудата, а за ослободениот од обвинение Тоде Санде Грличков се соопштува дека полициските власти не го ослободувале, противзаконски го задржале во затвор.

---

7. Македония и Одринско (1893-1903). Мемоаръ на Вътрешната организация .., 69.

8. Хр. Андонов-Полјански, Некои подробности околу „Новоселската афера“ и скопскиот процес.., 79-80.

9. Истото, 81.

10. Македония и Одринско.., 69.

11. Истото, 69.

Во третиот документ — исто така извештај на австро-унгарскиот конзул во Скопје, Пара од 21 јануари 1902 година, во кој тој соопштувал во Виена за ситуацијата во градот Скопје и околијата создадена во тоа време а која предизвикала сериозна загриженост кај турските локални власти и возбуда сред муслиманското население. При тоа во извештајот се укажува на две основни причини: организираната акција на месниот комитет на Револуционерната организација во црквата во градот на денот на „православната Нова Година", кога бил направен обид за револуционерно мобилизирање на народот, и „вознемирувачките вести" според кои Гоце Делчев, „познатиот шеф на Комитетот", со силна чета се упатил преку Штип за Тиквеш. Во врска со сето тоа турските власти презеле редица мерки за спречување на настаните „да повлечат поголемо движење".

Неуспехот на акцијата во црквата во градот австро-унгарскиот конзул ја доведува во директна врска со митрополитот Синеси, кој не само што ја оневазможил акцијата да добиде пошироки размери туку и, истиот, актерите ги предал на турските власти. Меѓутоа, уапсените, по извршениот претрес во нивните домови и по спроведената истражна и судска постапка, поради недостаток на доказен материјал, биле ослободени освен еден свештеник кој бил спроведен на Света Гора.

## Док. 1

Извештај на австро-унгарскиот конзул од Скопје, Богумил Пара, до министерот за надворешни работи, Агенор фон Голуховски, во Виена.[12]

Скопје, на 11 септ. 1900

До

Неговото Величество благородниот господин гроф Агенор фон Голуховски итн., итн., итн.

Виена

---

12. Haus-Hof-und Staatsarchiv, Wien, Politisches Archiv XXXVIII, Konsulal Usküb, 1900-1902 (AM M. XVI/186), No 205/11 September 1900, Para an Agenor von Goluchowshi.

Благородни грофе!

Соопштувањето во мојот извештај бр. 187 од 25 август оваа година, што ѝ го испратив на Вашата Екселенција, во врска со откривањето на скривалиште на бугарскиот[13] револуционерен комитет, се потврдува. Само треба да се испрати наведениот податок за местото на настанот. Бидејќи настанот не се случил во Царево (Село)[14] туку, наводно, северозападно од главното место на округот Печово (Пехчево,) во селото Робово (го нема на генералната карта).

Одовде испратената комисија таму откри повеќе шифрирани преписки на Револуционерниот комитет и, со помошта на еден заплашен член (на Револуционерната организација), (веројатно месниот свештеник или учител) успеа да ги дешифрира.

Запленетиот материјал, наводно, содржи многу моменти што ја компромитираат бугарската Влада и би требало да претставува на направените откритија во врска со букурешкиот процес (против убиецот на Михалеану), при што би требало да постојат јасни докази за учеството на бугарските владини органи при дејствувањето на именуваниот комитет.

*Со македонското движење непосредно раководи* од Ќустендил *една личност, извесен Георги Делчев* (курзивот е мој-М.М.).

Истражната комисија констатира ново крвопролевање на тајната организација. Бидејќи, токму во времето на нејзиниот престој во пограничното подрачје со Бугарија, на 24 август, Горѓи Иванчев[15] од Виница, кој поради предавство на дејноста на Комитетот од него бил осуден на смрт, во Кочани беше наведен во заседа и нечовечки убиен.

---

[13]. Австроунгарските дипломатски претставници во тоа време го употребуваат бугарското име за македонскиот народ. Прашањето за околностите под кои дошло до наметнување на бугарското име е одамна разјаснето од нашата историографија и сметаме за непотребно на тоа посебно да се задржуваме.

[14]. Како што јавил во својот претходен извештај Бр. 187/25. VIII. 1900.

[15]. Георги Иванчев од Виница, член на Револуционерната организација. За време на „Виничката афера бил уапсен и при тоа бил заврбуван да работи за турските власти. Како турски шпион се покажал многу опасен поради што лично Гоце Делчев „веќе во јуни 1897 година се занимавал... и вложил посебни напори за да го реши тој „безнадежен случај“ (Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев и неговото време. — Скопје, 1978, 158).

Јас овие денови набавив преписи од Статутот (Устав)[16] што се состои од 14 члена, и од обемниот Правилник,[17] од 50 члена, на Македонскиот Комитет и ќе си дозволам истите, откако ќе се преведат и заедно со фотографираната копија на издадениот чек на членовите[18] што придонесоа за тоа, да го доставам на Вашето Височество на увид.[19]

Истото го соопштувам и во Цариград, под бр. 132.

Дозволете ми, Ваше Височество, да го изразам моето најдлабоко почитување.

Потпис
Пара

---

[16]. Податокот за бројот на членовите (14) упатува на заклучок дека се работи за препис на првиот Устав на Револуционерната организација од 1894 година (види: Уставъ на бълг. македонс-Одр. револ. комитети-Институт за национална историја, Одделение за документација — сл. I. 354); Иван Катарџиев, Некои прашања за уставите и правилниците на ВМРО до Илинденското востание. — Гласник на Институтот за национална историја. — Скопје, 1961/V, 1, 149-164; Д-р Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Солунскиот вилает (1893-1903). — Скопје, 1981, 141-143. Бидејќи уставот на Организацијата усвоен на Солунскиот конгрес, од 1896 година, содржи 19 членови (види: Уставъ на Тайната Македоно-Одринска Революционна Организация — ИНИ АО Инв. бр. 10928/59; Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II. — Скопје, 1976/, 334 -337; Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев и неговото време. — Скопје, 1978, 141-142; Д-р Димитар Димески, Националноослободителното движење.., 204).

[17]. И овој податок јасно зборува за тоа дека се работи за првите акти на Револуционерната организација, односно дека станува збор за препис од Правилникот донесен во 1894 година што содржи 50 члена. (види: Правилникъ на бълг. макед. — одр. револ. комитет — ИНИ АО, Скопје, сл. I. 355, 1-15; Иван Катарџиев, Два правилника на ВМРО од предилинденскиот период., 39-46). Правилникот на Организацијата од 1896 година содржи 48 члена (Иван Катарџиев, Два правилника на ТМОРО., 46-50; Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев и неговото време, 142; Д-р Димитар Димески, Националноослободителното движење.., 204).

[18]. Според тоа, најмалку две лица, активни членови на Револуционерната организација, се ставиле во услуга на австро-унгарскиот конзул на кого му доставувале определени податоци дури и, како во случајот, преписи од најзначајните акти на Организацијата. За тоа, конзулот Пара им плаќал. Тоа на несомнен начин го потврдува во својот извештај.

[19]. Не ни е познат извештајот во прилог на кои конзулот ги доставил преписите од споменатите акти и потврдата за исплатената сума, во Виена.

## Док 2

Извештај на австро-унгарскиот конзул од Скопје, Богумил Пара, до министерот за надворешни работи, Агенор фон Голуховски, во Виена.[20]

Бр. 112

Скопје, 4 јуни 1901

До

Неговото Височество благородниот господин гроф Агенор фон Голуховски итн. итн. итн.

Виена.

Благородни грофе,

Како дополнување на мојот извештај бр. 109 од 2-ри овој месец, имам чест Вашето Височество понизно да го известам за резултатот од Штипскиот процес[21] за велепредавство.

*Со вчера соопштената казнена пресуда им беше изречена смртна казна во отсуство на: Георги Делчев* (Georgi Deltschef) (курзивот е мој-М.М.), Санде (Sande), берберот Диме (Dime Barbier) и Стојан, (Stojan) а на Тодор Хаџи Константин (Todor Hadzi Konstantin) (зетот на Арсо) во негово присуство.

Останатите Трајче Тонче (Trajsche Tontsche) и Кочо Ана (Kotscho Anna) беа осудени на 13 години, Васил Илија (Vasil Ilija), Георги Константин (Georghi Constantin), Ристо Прошо (Risto Proscho) и отсутниот Сидикли Мите (Sidikli Mite) на 12 години, Ристо Хаџи-Јане (Risto Hadži Jane), Димитри Тенче Економов (Dimitri Tentsche Ekonomof), Стојан Христо (Stoyan Kristo) од Виница и Мише Бошко (Mische Boschko) по 6 години, Ристо Хаџи-Јане (Risto Hadzi Jane), Димитри Тенче Mite) од Таор (Tahor) по 4 години, Тасе Трајче (Tasse Trajtsche) и Стојан Мичо (Stojan Mitsco) на по 3 години затвор.

(Обвинетиот Лазо Митре (Lazo Mitre) од Лесковца (Leskovca)[22] во меѓувреме умре во затворот . . .)

---

20. Haus-Hof-und Staatsarchiv, Wien, Politisches Archiv XXXVIII, Konsulat Üsküb, 1900-1902 (AM M. XVI/186), No 112/4 juni 1901, Para an Agenor von Goluchowshi.

21. Во врска со „Новоселската афера".

22. Село Лесковица.

Ослободениот Тоде Санде Грличков (Tode Sande Grlitschkof) од Варош (Varoš), по приговор на полициските власти, на законски неоснован начин, досега не е пуштен на слобода.

Истото го соопштувам и во Цариград, под бр. 65.

Дозволете ми, Ваше Височество, да го изразам моето најдлабоко почитување.

Пара

Бр. 10

Скопје, 21 јануари 1902

До

Неговото Височество благородниот господин гроф Агенор фон Голуховски итн., итн., итн.

Виена

Благородни грофе,

Во Скопје во последните денови завладеа прилична возбуда. Како локалната власт, исто така и муслиманското население, беа силно вознемирени како последица на неколкуте настани во бугарската општина.

За време на божјата служба на денот на православната Нова Година во овдешната бугарска црква дојде до една немила сцена, која лесно можеше да предизвика големо движење. Еден млад занаетчија одненадеж се качил на столот наменет за митрополитот и се обидел пред собраниот многубројен народ да одржи бунтовнички говор. Сепак благодарение на духовното присуство на митрополитот Синеси,[24] се успеа да се спречи поголемо нарушување на мирот со тоа што на даден знак, веднаш по првите зборови на односниот народен говорник, хорот запеа песна. Со тоа беше оневозможен понатамошниот говор на ексцедентот.

Односниот млад човек, кој треба да има добро образование, неговиот напред споменат говор го започнал, наводно, со зборовите: „Уште колку долго ќе трае ова угнетуваше ова затапување на народот“.

---

[23]. HHSta-Wien, PA XXXVIII, Konsulat Üsküb, 1900-1902 (AM. M. 186), No 10/21 Jänner 1902, Para an Agenor von Goluchowshi.

[24]. Синасиј (1836-1917). За него повеќе види: Автобиографни бележки на Синасий, епископъ въ Щипъ и Пловдивъ и митрополитъ въ Одринъ, Охридъ, Скопие. Подъ редакцията на Г. Д. Баласчевъ, София, 1934.

Врз основа на пријавата на г-нот Синеси до вилаетските власти беше затворен со уште четворица другари, меѓу кои се наоѓал и еден бугарски ѓакон.

Бидејќи истовремено со апсењето беа извршени и претреси во куќите и домовите на затворените и при тоа биле запленети сите таму пронајдени списи, во градот молневито се пренесе глас дека се пронајдени докази за револуционерно движење на Бугарите. Тоа мислење кај населението беше поткрепено со очигледните мерки спроведени од властите во врска со овој случај (дуплирање на ноќната патролна служба, ставање на војската во готовност, транспортирање на еден топ во една доминантна стражарница на јужната страна на градот).

Кон сето ова се надоврза и веста дека бугарскиот митрополит станал предавник на националните аспирации на македонските Бугари што поскоро да се ослободат од нивната жалосна положба, со тоа што тој му ја открил на валијата целокупната активност на Македонскиот комитет.

Бидејќи воените власти во истото време, во последната недела, ги ограничија можностите за ноќевање во ановите во градот, се јави претпоставка дека се подготвува сместување за очекуваните засилувања на единиците.

Кон сето ова се надоврзаа и други вознемирувачки вести од јужните краеви на вилаетот, односно од соседниот солунски вилает, според кои *познатиот шеф на комитетот Георги Делчев* (курзивот е мој-М.М.) со силна чета се упатил од Штип кон Тиквеш. Ова им даде повод на муслиманите во градот да формираат сопствени стражарски патроли и во текот на ноќта да стражарат на влезовите во градот.

Меѓутоа, со во меѓувреме спроведената судска истрага беше утврдено дека кај осомничените Бугари запленетите списи биле сосема обични и не содржеле никаква конкретна основа за оправдување на изнесените стравувања.

Како прва последица на ваквиот став на властите беше вчера извршеното спроведување на затворениот ѓакон кон планината Атос. Другите обвинети, вклучувајќи го и споменатиот нарушувач на мирот, набргу ќе мора да бидат ослободени поради недостаток на докази за нивна вина.

Со тоа, иако завршена, изнесената епизода исфрли на видело неколку факти кои не се лишени од извесно значење.

Најнапред треба да се истакне околноста дека муслиманското население, на кое не само што му беше оставено сопственото оружје, туку истото беше подготвувано директно од властите за организирање на вооружена манифестација при евентуални политички компликации. Ова мора да се одбележи како сомнително бидејќи е премногу блиска опасноста муслиманскиот патриотизам да се изроди во истапи против христијанското население воопшто и при најмал повод.

Што се однесува до покажаната пред јавноста нездрава појава во редовите на овдешната бугарска општина, истата, веројатно, ќе се искористи од властите за свои цели. Во поглед на нерасположението што се забележува кај дел од овдешнава бугарска општина против г-нот Синеси и за обидот на занаетчиското момче во црквата да инсценира демонстрација против митрополитот се предвидува, како што се надева валијата, дека властите полесно ќе излезат на крај со г-нот Синеси (кој за властите бил крајно незгоден дотогаш и кој, како резултат на својот непокорлив дух, и во свое време му приредувал повеќе непријатни моменти на бившиот генерален гувернер) и дека валијата во иднина полесно ќе се справи со помалку енергично застапуваната општина.

На г-динот Синеси од страна на неговите противницици му се префрла дека со неговиот приватен живот малку одговара на барањата поставени за еден црковен великодостојник од негов ранг.

Сепак, најмногу задоволство поради зголемените во последно време неприлики на бугарскиот митрополит, покажува нему непријателски настроениот руски конзул Машков.

Бидејќи сегашниов бугарски трговски агент г-от Јованчов досега се покажа упорен во сè да му поведува на овдешниот руски претставник, последниот се надева дека овој пат може би ќе му успее да се ослободи од на неговиот авторитет непокорниот митрополит.

За настанатата кражба од пред извесно време на 200 златни наполеони на процесната парада-Митра, што му припаѓаат на г-динот Синеси, моментално не може да се даде проценка колку е во врска со споменатото движење меѓу неговите противници.

Истото го соопштувам и во Цариград, под бр. 6.

Дозволете ми, Ваше Височество, да го изразам моето најдлабоко почитување.

Пара